Бр. 02-553/30
26.5.2023 година
Скопје

Врз основа на точка 4 од Одлуката за формирање на Универзитетската изборна комисија бр. 02-371/2 од 16.3.2023 година и глава В), точка 6 од Упатството за постапката за избор на ректор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, бр. 02-553/6 од 27.4.2023 година, Универзиетската изборна комисија на 8. седница, одржана на 26.5.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за измена на Единствениот избирачки список (ЕИС)**

**Член 1**

Се менува Единствениот избирачки список (ЕИС), за постапката за избор на ректор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во мандатниот период од 16 септември 2023 година до 15 септември 2026 година по доставени барања за корекција на Факултетот за земјоделски науки и храна-Скопје и Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“-Скопје.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Факултетот за земјоделски науки и храна-Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и методиј“ во Скопје, достави Барање за корекција на Извод од избирачки список на Факултетот за земјоделски науки и храна – Скопје, бр. 02-329/1 од 23.5.2023 година, каде наведува дека биле запазени дадените рокови и во утврдениот термин од страна на изборната комисија на едииницата до УИК доставиле Избирачки список во два примерока во хартиена форма потпишана од страна на претседателот на ИК на единицата и деканот на факултетот, како и во скенирана електронска форма. По повторно разгледување на Избирачкиот список од страна на Изборната комисија на Факултетот е констатирана техничка грешка во бројот на претставници на Факултетско студентско собрание на Наставно-научниот совет, како и техничка грешка во дел од именуваните студенти од страна на Факултетското студентско собрание на Факултетот во Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна-Скопје.

По констатирање на оваа техничка грешка, изборната комисија на Факултетот за земјоделски науки и храна изврши корекција на Изводот од избирачкиот список во делот на списокот на претставници од Факултетското студентско собрание на Факултетот, со што сега истиот соодејствува со Одлуката на Факултетското студентско собрание бр. 02-111/3 од 27.2.2023 година, на кој е извршен изборот на претставниците од Факултетското студентско собрание на Факултетот за земјоделски науки и храна-Скопје во Наставно-научниот совет на Факултетот.

Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ – Скопје, достави пополнет и потпишан Извод од избирачкиот список на единицата во два оргинални примероци, со извршена корекција на Изводот од избирачки список на Факултетот, бр. 02-184/8 од 16.5.2023 година.

Универзитетската изборна комисија констатира дека обновениот Единствен избирачки список на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во мандатниот период од 16 септември 2023 година до 15 септември 2026 година, **го сочинуваат 1419 гласачи**.

**Универзитетска изборна комисија**
**Претседател**

**Проф. д-р Родна Живковска**